


***Публикацијата „Мариово-жива историја“ е издание на „Мариово филм“ од Скопје, чиј автор е новинарот Зоран Костески-Шваца Таа е отпечатена на 355 страници и содржи триеттина репортажи кои ги отсликуваат вистините, судбините, доживувањата, активнотите, историските податоци, посетите, бројните културно историски споменици и други настани кои се однесуваат на селата од мариовскиот крај***

Во делото „*Мариово-жива историја“*Зоран Костески-Шваца пишува за Мариово како значаен дел на Македонија, вклучувајќи го минатото и сегашноста на оваа легендарна област. Затоа, авторот на ова дело како публицист и новинар со големо задоволство се зафатил да пишува и да даде придонес за вистината и судбината на Мариово, неговиот роден крај. Тој вели дека да се пишува за Мариово причинува големо задоволство, бидејќи во ова време на светска глобализација прекрасно е чувството кога ќе се најде на едно место дел од една историска вистина за минатото, сегашноста и иднината на еден убав македонски крај од незаборавот кој се вика Мариово, а  кој авторот го носи во срцето и е чест посетител на тој убав природен македонски резерват.

Во пишаните материјали е дадено дека уште од дамнешни времиња областа е позната под името Мариово. На повеќе места и пишани историски извори се среќаваат слични и малку видоизменети облици на името Мариово, како Марихово, Марина, Марихова, Мариева и други имиња. Најпознатото и раширено предание за потеклото на името е легендата во која се вели дека некој турски бег сакал да ја земе за жена во својот харем преубавата девојка Марија од овој крај. По долгите натегања Марија се согласила да оди во харемот на бегот но под услов во целиот крај да не се врши  потурчување (исламизирање), да не се населуваат Турци и да не се градат џамии. Договорот бил испочитуван и целиот крај бил спасен од насилните потурчувања и зулуми. Во знак на благодарност населението во чест на убавата Марија која го спасила целиот крај го дале името Мариово.

Инаку, во делото *„Мариово-жива историја“* од Зоран Костески-Шваца е забележано дека областа Мариово во Македонија е карактеристична по својата историја, етнологија, традиции и култура. Оваа област се наоѓа во крајниот јужен дел на Република Македонија. На просторот на Мариово имало присуство на луѓе и население со организиран начин на живот уште од одамнешни времиња односно најраните историски периоди. Поради тоа Мариово изобилува со многу богато и бројно историско наследство. Меѓу бројните пронајдоци уште од каменото и железното време, особено се истакнуваат античките и средновековните споменици и пронајдоци.


Стале Попов
(1902-1965)
Роден е во с.Мелница, Мариовско, како син на свештеник.Образованието го започнал во с.Вито лиште, а богословија завршил во Битола. Потоа го завршува Теолошкиот факултет во Белград, каде го затекнува Втората светска војна. По војната доаѓа во Скопје и работи како професор по македонски јазик, на која должности се пензионира.



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**